# Извадок на дел од дневни настани 23.03.2021

На 22.03.2021 во 22.30 часот во с.Неготино, гостиварско, полициски службеници на СВР Тетово - Одделение за внатрешни работи Гостивар ги лишиле од слобода Б.Д.(20) и К.Д.(22), двајцата од Република Албанија, кои времено престојувале во куќа на жител од ова гостиварско село, поради сомнение дека минатата и оваа година извршиле десетина тешки кражби во поширокиот регион на Врапчиште. При претресот реализиран од 22 до 23 часот, со судска наредба, во просториите во кои тие престојувале, биле пронајдени и одземени 42 разновидни предмети за кои постои сомнение дека потекнуваат од кражбите. Двајцата албански државјани се задржани во Полициската станица Гостивар. По документирање на случајот против нив ќе биде изготвен соодветен поднесок.

На 22.03.2021 во 18.05 часот било пријавено дека на магистралниот пат Охрид- Кичево, кај крстосницата со влезот за Славеј планина, се случила сообраќајна незгода помеѓу товарно возило „цитроен џампер“, со скопски регистарски ознаки, управувано од Б.М.(29) од Скопје и патничко возило „фолксваген бора“, со кичевски регистарски ознаки, управувано од С.И.(52) од Кичево. На местото на незгодата починал возачот С.И., а сопатникот од патничкото возило „фолксваген бора“, Д.К.(40) од Кичево и возачот Б.М. се здобиле со тешки телесни повреди, констатирани во Специјалната болница „Св.Еразмо“ во Охрид. Извршен бил увид на местото на незгодата од Јавен обвинител и увидна екипа од СВР Охрид.

На 22.03.2021 во 15.00 часот во Полициската станица Бит Пазар Џ.Б.(51) од Скопје пријавила дека на ул.„Павле Илиќ“ нејзината ќерка била касната од куче скитник.

На 22.03.2021 во периодот од 08.00 до 16.00 часот на автопатот Штип - Миладиновци (од клучка Кадрифаково до клучка Преод), полициски службеници од Полициското одделение за безбедност на патниот сообраќај Свети Николе спроведоа акциска контрола на возачи кои управуваат возила со брзина поголема од пропишаната. Притоа, биле констатирани четири прекршоци и на возачите им биле изготвени прекршочни платни налози.

На 22.03.2021 во 01.00 часот во СВР Скопје било пријавено дека во Комплекс клиники „Мајка Тереза“ биле донесени С.Б.(37), Ј.К.(32) и Џ.С.(32), сите од с.Батинци, скопско, кои по кажување на С.Б. со повреди се здобиле откако возило, управувано од Ј.К., во кое сопатници биле С.Б. и Џ.С., на бул.„Киро Глигоров“ во скопската нас.Автокоманда, излетало од коловозот. Од страна на лекар кај С.Б. и Ј.К. биле констатирани тешки телесни повреди, а кај Џ.С. констатирани се повреди. За настанот е известен Јавен обвинител, а увид извршила увидна екипа од СВР Скопје. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 22.03.2021 во периодот од 08.00 до 16.00 часот на подрачјето на Велес спроведена е акциска контрола на возачи кои управуваат возила со брзина поголема од пропишаната, при што се регистрирани шест прекршоци кои ќе бидат санкционирани со соодветни пријави.

На 22.03.2021 во 16.25 часот во Полициската станица Бит Пазар, А.О.(49) од Скопје пријавил дека на ул.„Ордан Чопела“ неговата малолетна ќерка била касната од куче скитник.

Денеска (23.03.2021) по лициски службеници од Одделот за криминалистичка полиција- Сектор за недозволена трговија со дрога, оружје и опасни материи во координација со ОНТДО при СВР Куманово, по претходно издадена судска наредба, извршија претрес во дом и други простории на А. Ќ. (59) и притоа во импровизирана работилница и во домот се пронајдени пиштол, два гасни пиштоли, три воздушни пушки, ловна пушка карабин кал. 8х57мм, ловна пушка кал. 16 мм, 180 патрони, 88 куршуми, карабин, цевка од воздушна пушка, кутија со делови од пушки и пиштоли. А.Ќ. е приведен и против него ќе биде поднесена соодветна кривична пријава до надлежното обвинителство.

Поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет наркотични дроги, психотропни супстанции и прекурсори“, ОВР Кичево до надлежното Јавно обвинителство поднесе кривична пријава против Д.А.(24) од Кичево. При контрола изршена во близина на бензиска пумпа, лоцирана на магистралниот пат Кичево-Гостивар, кај него е пронајдена и одземена марихуана.

На 22.03.2021 во 12.00 часот во Полициската станица Бит Пазар, Р.Ф.(54) од Скопје пријавил дека на бул.„Крсте Мисирков“ бил каснат од куче скитник.

На 22.03.2021 во 17.45 часот А.Р.(34) од Скопје пријавил дека на подрачјето на Гази Баба, по кратка расправија, бил физички нападнат од З.Н.(57) од Скопје. Сочинет е записник за констатиран прекршок по чл.12 од ЗППЈРМ.

Единицата за економски криминал и корупција Скопје поднесе кривична пријава против А.Љ.(27) од Скопје, поради постоење основано сомнение за сторено кривично дело „изработка и употреба на лажна платежна картичка“. На 17.03.2020, откако пријавениот претходно ги прибавил банкарските податоци од платежна картичка сопственост на оштетениот О.З., истите ги употребил за вршење на четири неовластени трансакции на интернет, со што предизвикал материјална штета и се здобил со противправна имотна корист.

На 22.03.2021 во 10.20 часот во Полициската станица Карпош, Ѓ.М.(62) од Скопје пријавил дека на ул.„Бледски договор“ бил каснат од куче скитник.

На 22.03.2021 во 13,00 часот во Полициската станица Карпош, Д.Б.(85) од Скопје пријавил дека на ул.„Франц Месеснел“ бил каснат од куче скитник.

Единицата за недозволена трговија поднесе кривична пријава против Ј.К.(35) од Скопје, поради постоење основано сомнение за сторено кривично дело „недозволено изработување, држење и тргување со оружје или распрскувачки материи“. При претрес од полициски службеници во домот на пријавениот, извршен врз основа на судска наредба, биле пронајдени пиштол, една рамка и 25 куршуми, кои пријавениот неовластено ги држел во својот дом.

На 22.03.2021 во 19.37 часот во Полициската станица Берово било пријавено дека во с.Мачево, беровско, биле забележани 10 мигранти од Бангладеш, кои од страна на полициски службеници, по извршеното документирање, биле предадени во Полициската станица за граничен надзор Ново Село за понатамошна постапка.

Одделението за прекугранични криминал и миграции Скопје до ОЈО Скопје поднесе кривична пријава, против У.И.(54), А.И.(32), В.С.(36) и С.М.(21), поради постоење основи на сомнение за сторени кривични дела „фалсификување исправа“ и „непостапување според здравствените прописи за време на епидемија“. Имено, пријавените на 17.03.2021 на Меѓународниот аеродром Скопје приложиле фалсификувани негативни ПЦР тестови.

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Свети Николе до ОЈО Свети Николе поднесе кривична пријава против М.И.(25), С.М.(18) двајцата од с.Тркање, кочанско и малолетник од Штип, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „непостапување според здравствените прописи за време на епидемија“. Пријавените на 11.03.2021 околу 22.20 часот на регионалниот пат Свети Николе-Штип, додека се движеле со возило, биле пресретнати и контролирани од полициски службеници од ОВР Свети Николе, при што не поседувале дозвола за движење за време на полициски час, спротивно на мерката донесена со Одлука на Владата, со која се забранува движењето на населението и на возила од јавен превоз во временски период од 22.00 до 05.00 часот, со цел спречување на внесување и ширење на коронавирусот ковид-19.



Секој упад и злоупотреба на веб страницата на МВР е казнив по член 251 од КЗ на Република Северна Македонија

Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија, ул.Димче Мирчев бр.9, 1000 Скопје.
тел: +389 (0)2 3 117 222 факс: (02)3112468 е-пошта: kontakt@moi.gov.mk

Изработено од Унет